АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 12.08.2019
Орг. единица Njësia org. 10 | Број Numër 39051 | Прилог Shtesë 1 | Вредност Vlerë

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица

3. **Период опфатен со надзорот:** 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 август 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на РМ“ бр. 184/13 и 13/14)**

  (Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му доставаат писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *За непочитување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-258 од 06.06.2019 година) на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **постапи по решението за изрекување мерка – јавна опомена** и во дополнителниот рок достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***